Врз основа на член 99 од Законот за високо обарзование (“Службен весник на Р.Македонија” бр. 35/2008, 103/2008 и 26/2009) и Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите (“Службен весник на Р.Македонија” бр. 71/2009) на седницата на Сенатот на Меѓународниот Балкански Универзитет одржана на 16.09.2010 година се донесува следниов

# ПРАВИЛНИК

***за начинот и условите за организирање на практична настава***

## Член 1. Општи одредби

(1) Организирањето на практичната настава на ИБУ е детерминирано со спецификите на Универзитетот, и тоа:

(а) Студирањето се одвива на англиски јазик.
(б) Голем број на студенти се од Балканските земји.
(в) Првата година е заедничка за сите студиски програми.
(г) Студентите од прва година се стекнуваат со општо образовни знаења, што во голема мерка го дефинира обликот и начинот на изведување на практичната настава

(2) На Меѓународниот Балкански Универзитет е предвидено секој студент да има определен број на часови (минимум 720 часа) практична настава во текот на првиот циклус на студии.

(3) Практичната настава на ИБУ се реализира во тек на сите четири студиски години, и таа е организирана врз принципот учење базирано на решавање практични проблеми (Problem Based Learning). Така студентите во текот на целокупното школување се во контакт со практичните проблеми и начинот на нивно решавање.

(4) Практичната настава е интегрален дел од студиските програми, а начинот на нејзината изведба е различен за секоја студиска година.

(5) Тоа е во согласност со нивото на знаење што студентот треба да го поседува во соодветната студиска година.

## Член 2. Практична настава во прва студиска година

(1) Првата студиска година на ИБУ е заедничка за сите студиски програми, што бара специфичен приод кон организирањето и одвивањето на практичната настава.

(2) Во првиот семестар во рамките на предметот Problem Solving Strategies студентите ги изучуваат основните техники за дефинирање и анализа на проблемите.

(3) Во рамките на овој предмет се одржува еднонеделен семинар.

(4) На овој семинар се применуваат основните техники за решавање на реални проблеми, како brainstorming, KT анализа, Dancker дијаграм и сл.

(5) Студентот добива 2 (два) ЕКТС кредита за успешно завршување на овој семинар.

(6) Следен семинар кој се одржува е во вториот семестар од првата година и тоа во рамките на предметот Physical and Chemical Phenomena.

(7) Начинот на организација и одржување на семинарот е ист како и во првиот семестар, но проблемите што студентите ќе ги решаваат се поврзани со проблематиката од овој предмет.

(8) Студентот добива 2 (два) ЕКТС кредита за успешно завршување на овој семинар.

(9) Вкупниот број на кредити за практична настава за првата студиска година изнесува 4 (четири) ЕКТС кредити.

## Член 3. Практична настава во втора студиска година

(1) Во првиот семестар во втората студиска година студентите имаат еден заеднички предмет Protection of the Environment.

(2) На почеток од семестарот студентите се делат на тимови и секој тим избира еден од понудената листа на реални проблеми формулирани од страна на наставникот.

(3) Во текот на семестарот преку работа во тимови, студентите се во постојан контакт со наставникот изработуваат семинарски работи кои потоа се презентираат на семинарот што се одржува на крајот од семестарот.

(4) Решавањето на практични проблеми со загадувањето и заштитата на околината се дел од практичната настава за која студентите добиваат 2 (два) ЕКТС кредита.

(5) Во вториот семестар од втората студиска година за секоја студиска програма се обезбедува двонеделна посета на компании, фабрики, банки или институции каде студентите подетално се запознаваат со технологијата и организацијата на истите од страна на стручните лица во компанијата.

(6) По посетата секој студент пишува Дневник за изведената посета. Дневникот треба да го потпише наставникот и стручното лице кое ги води студентите низ компанијата.

(7) За оваа практична настава студентите добиваат 2 (два) ЕКТС кредита.

(8) Вкупниот број на кредити за практична настава за втората студиска година изнесува 4 (четири) ЕКТС кредити.

### Член 4. Практична настава во трета студиска година

(1) По завршувањето на третата година студентите поседуваат доволно знаење и вештини да реализираат континуирана практична настава во времетраење од 30 дена.

(2) По правило, практичната настава се реализира во тек на летниот одмор, во компании, фабрики, банки или институции.

(3) За секој студент, во договор со предметниот наставник и работната организација каде ќе се одвива праксата, се определува ментор.

(4) Менторот го води студентот низ практичната настава. Студентот води Дневник за практичната настава.

(5) Дневникот треба да го потпише наставникот и менторот од компанијата.

(6) Студентите можат да ја реализираат практичната настава во државата од која доаѓаат.

(7) За оваа практична настава студентот добива 4 (четири) ЕКТС кредити.

### Член 5. Практична настава во четврта студиска година

(1) Во тек на осмиот семестар во четвртата студиска година, студентот самостојно изработува проект од еден од стручните предмети што ги слушал во тек на своите студии.

(2) Предметниот наставник се определува за ментор.

(3) Темата на проектот е поврзана со практично решавање на реален проблем.

(4) За реализација на оваа активност, студентот добива 12 ЕКТС кредити.

(5) При изработката на проектот, студентот е во постојан контакт и консултации со менторот и со стручните лица од практиката.

(6) По положување на сите испити предвидени со студиската програма, студентот јавно го брани проектот пред трочлена Комисија и се стекнува со диплома за завршени студии на ИБУ.

(7) Вкупниот број на кредити од практична настава, заедно со завршниот проект изнесува 24.

### Член 6. Резултати од практичната настава

(1) По завршувањето на практичната настава студентот ќе се стекне со компетенции и способност за: самостојно учењето и работа, само-мониторирање, тимска работа, дефинирање и решавање на проблеми, ефикасно решавање на реални проблеми.

(2) Без завршена практична настава студентот не може да дипломира.

### Член 7. Примена

Овој правилник стапува на сила од 17.09.2010 со неговот потврдување на седница на Сенатот на ИБУ.

Р е к т о р

Проф.др. Хунер Шенџан